**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II – СКОПЈЕ**
02.Су.бр.45/18
**26.03.2018 година**
**Скопје**

Врз основа на член 39 и член 88 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број 58/2006, 35/2008 и 150/10), како и врз основа на член 112 и 113 од Судскиот деловник („Службен весник на Република Македонија“ број 66/13 и 114/14), Претседателот на Основниот суд Скопје II - Скопје, на ден 26.03.2018 година, донесе:

## ГОДИШЕН РАСПОРЕД

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ РАСПОРЕД ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II – СКОПЈЕ ЗА 2018 ГОДИНА

**I.** Во Годишниот распоред за работа на Основниот суд Скопје II – Скопје за 2018 година, 02.Су.бр.88/17 од 22.12.2017 година,02.Су.бр.1/18 од 02.01.2018 година и 02.Су.бр.13 /18 од 30.01.2018 година, во Дел трети „Судски оддели“, став 1, алинејата 1 се менува и гласи:„Оддел за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови“.

Во истиот став, алинејата 2 се брише.

Алинејата 3 станува алинеа 2 и се менува и гласи:„Оддел за трговски спорови, стечај и ликвидација“.

Алинејата 4 станува алинеја 3.

Во истиот став, алинејата 5 – сега алинеја 4, се брише.

Алинејата 6 станува алинеја 4.

**II.** Во Годишниот распоред за работа на Основниот суд Скопје II – Скопје за 2018 година, 02.Су.бр.88/17 од 22.12.2017 година,02.Су.бр.1/18 од 02.01.2018 година и 02.Су.бр.13 /18 од 30.01.2018 година, во Дел трети „Судски оддели“, се менува називот на поддел I. и сега гласи: „Оддел за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови“.

**III.** Во Годишниот распоред за работа на Основниот суд Скопје II – Скопје за 2018 година, 02.Су.бр.88/17 од 22.12.2017 година,02.Су.бр.1/18 од 02.01.2018 година и 02.Су.бр.13 /18 од 30.01.2018 година, во Дел трети „Судски оддели“, во поддел I., кој сега гласи Оддел за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови, во точка 1, зборовите „оддел за имотни спорови и спорови од мала вредност“ се заменуваат со зборовите „оддел за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови“.

Во истата точка, пред алинеја 1, се додава нова алинеја, која гласи:

– Радмила Карановиќ (I)

По алинејата 2- сега алинеја 3, се додава нова алинеја 4, која гласи:

– Лидија Крстевска (IV)

По алинејата 10- сега алинеја 12, се додава нова алинеја 13, која гласи:

– Љиљана Крстевска (XIII).

По алинејата 12- сега алинеја 15, се додава нова алинеја 16, која гласи:

– Гордана Ролевска Ќупева (XX).

По алинејата 15- сега алинеја 19, се додава нова алинеја 20, која гласи:

– Виолета Поповска (XXIV).

- Алинејата 20, која станува алинеја 25 и гласи „ Софија Спасова Медарска (XXX), се брише.

Алинеите1,2,3,4,5,6,7,8,9,10,11,12,13,14,15,16,17,18,19,20,21,22,23,24,25,26, 27,28,29,30,31 и 32 стануваат алинеи 2,3,5,6,7,8,9,10,11,12,14,15,17,18,19,21,22,23,24,25,26,27,28,29,30,31,32,33,34,35 и 36

**IV.** Во Годишниот распоред за работа на Основниот суд Скопје II – Скопје за 2018 година, 02.Су.бр.88/17 од 22.12.2017 година,02.Су.бр.1/18 од 02.01.2018 година и 02.Су.бр.13 /18 од 30.01.2018 година, во Дел трети „Судски оддели“, во поддел I., кој сега гласи Оддел за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови, точката 2, се менува и гласи :

Судиите Нухи Рустеми, Ерол Абдулаи,Јехона Садику, Олга Попевска, Весна Калковска, Јованка Спировска Панева, Кети Германова, Даниела Миновска, Емилија Шопар Јованова, Дијана Нацевска, Весна Стрезовска, Бесник Авдија, Андреј Димовски, Аритон Ала, Мирјана Смиљкова, Јорданчо Панев, Весна Трајанова, Антоанета Димовска, Оља Крстиќеска, Гордана Јакова, Љубица Колиќ, Магдалена Бајалска Ѓорѓиевска, Мирјана Николовска Калчиноска, Марика Скандева Мурџева, Цветанка Сиљаноска Костадиновска, Софија Миленкова, Јасмина Блажевска, Наташа Тодорова, Лилјана Зафировска Петреска,Татјана Поповска Николовска и Слободан Хаџи Христовски ќе постапуваат по предмети со следниве ознаки:

- П1 (имотни спорови);
- П4 (облигациони спорови);

- ППОВ (повторување на постапката- парнични предмети);
- МАЛВП (спорови од мала вредност-парнични);
- МВПОВ (повторување на постапка-мала вредност);
- РП (разни парнични предмети);
- ПЛ (платни налози по предлог);
- ПЛ1-П (платни налози по приговор);
- ПЛПОВ (повторување на постапката-платен налог) и
- РПЛ (разни предмети од платни налози).

По точката 2 се додава нова точка 3, која гласи:

Судиите Радмила Карановиќ, Лидија Крстевска, Љиљана Крстевска, Гордана Ролевска Ќупева и Виолета Поповска ќе постапуваат по предмети со следниве ознаки:

- П2 (семејни спорови);
- П3 (имотни (стекнати во брак) спорови);
- ППОВ (повторување на постапката- парнични предмети) и
- РП (разни парнични предмети).

Точката 3 станува точка 4.

Во точката 4, која станува точка 5, став 1 и 2, зборовите „одделот за имотни спорови и спорови од мала вредност" се заменуваат со зборовите „одделот за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови".

**V.** Во Годишниот распоред за работа на Основниот суд Скопје II – Скопје за 2018 година, 02.Су.бр.88/17 од 22.12.2017 година,02.Су.бр.1/18 од 02.01.2018 година и 02.Су.бр.13 /18 од 30.01.2018 година, во Дел трети „Судски оддели", насловот и целиот поддел II. „Оддел за семејни спорови", се брише.

Подделот III. станува поддел II.

**VI.** Во Годишниот распоред за работа на Основниот суд Скопје II – Скопје за 2018 година, 02.Су.бр.88/17 од 22.12.2017 година,02.Су.бр.1/18 од 02.01.2018 година и 02.Су.бр.13 /18 од 30.01.2018 година, во Дел трети „Судски оддели", се менува називот на поддел III. - сега поддел II., и истиот гласи: „Оддел за трговски спорови, стечај и ликвидација".

**VII.** Во Годишниот распоред за работа на Основниот суд Скопје II – Скопје за 2018 година, 02.Су.бр.88/17 од 22.12.2017 година,02.Су.бр.1/18 од 02.01.2018 година и 02.Су.бр.13 /18 од 30.01.2018 година, во Дел трети „Судски оддели", во подделот III.- сега поддел II., кој гласи Оддел за трговски спорови, стечај и

ликвидација во точка 1, зборовите „одделот за трговски спорови“ се заменуваат со зборовите „одделот за трговски спорови, стечај и ликвидација“.

Во истата точка, пред алинеја 1, се додаваат четири нови алинеи кои гласат :

– Ирена Петрушевска (I)
- Вероника Станојевска (II);
- Сашка Трајковска (III) и
– Артан Лимани (IV).

Алинејата 3 – сега алинеја 7, која гласи :„ - Биљана Јанура (LII)“, се менува и гласи:

Софија Спасова Медарска (LII)

Алинеите 1,2,3,4,5,6,7,8,9,10,11,12 и 13 стануваат алинеи 5,6,7,8,9,10,11,12,13,14,15,16 и 17.

**VIII.** Во Годишниот распоред за работа на Основниот суд Скопје II – Скопје за 2018 година, 02.Су.бр.88/17 од 22.12.2017 година,02.Су.бр.1/18 од 02.01.2018 година и 02.Су.бр.13 /18 од 30.01.2018 година, во Дел трети „Судски оддели“, во поддел III. - сега поддел II., кој гласи Оддел за трговски спорови, стечај и ликвидација, точката 2, се менува и гласи :

Судиите Ирена Петрушевска, Вероника Станојевска, Сашка Трајковска и Артан Лимани ќе постапуваат по предмети со следниве ознаки:

- СТ (стечај);
- Л (ликвидација);
- СТ-П1 (имотни спорови - во стечај);
- СТ-П4 (облигациони спорови - во стечај);
- СТ-МАЛВП (парнични спорови од мала вредност - стечај);
- СТ-РО (спорови од работни односи - стечај);
- СТ-ТС (трговски имотни спорови - стечај);
- СТ-МАЛВТС (спорови од мала вредност помеѓу правни лица - стечај);
- СТ-ПЛ1-П (платни налози по приговор - стечај) и
- СТ-ПЛ1-ТС (платни налози по приговор со правни лица – стечај).

По точката 2 се додава нова точка 3, која гласи:

Судиите Елисавета Зафировска, Улбер Хасани, Софија Спасова Медарска, Весна Богдановска, Маринела Јакасановска,Снежана Богдановска,Соња Кочовска, Наталија Донева, Мери Василева, Велјанка Доневски, Снежана Таневска, Гордана Билеска и Зора Божиновска ќе постапуваат по предмети со следниве ознаки:

- ТС (трговски имотни спорови);

- ТС1 (трговски облигациони спорови);

- ТСПОВ (повторување на постапката-трговски спорови);

- МВТСПОВ (повторување на постапката-мала вредност за правни лица);

- МАЛВТС (спорови од мала вредност-помеѓу правни лица);

- РТС (разни трговски предмети);

- ПЛ-ТС (платни налози по предлог со правни лица);

- ПЛ1-ТС (платни налози по приговор со правни лица) и

- ПЛЖ (жалби на платни налози против решенија од нотар).

Точката 3 станува точка 4.

Во точката 4, која станува точка 5, став 1 и 2, зборовите „одделот за трговски спорови" се заменуваат со зборовите „одделот за трговски спорови, стечај и ликвидација".

**IX.** Во Годишниот распоред за работа на Основниот суд Скопје II – Скопје за 2018 година, 02.Су.бр.88/17 од 22.12.2017 година,02.Су.бр.1/18 од 02.01.2018 година и 02.Су.бр.13 /18 од 30.01.2018 година, во Дел трети „Судски оддели", подделот IV. станува поддел III.

**X.** Во Годишниот распоред за работа на Основниот суд Скопје II – Скопје за 2018 година, 02.Су.бр.88/17 од 22.12.2017 година,02.Су.бр.1/18 од 02.01.2018 година и 02.Су.бр.13 /18 од 30.01.2018 година, во Дел трети „Судски оддели", називот и целиот поддел V. „Оддел за стечај и ликвидација", се брише.

Подделот VI станува поддел IV.

**XI.** Во Годишниот распоред за работа на Основниот суд Скопје II – Скопје за 2018 година, 02.Су.бр.88/17 од 22.12.2017 година,02.Су.бр.1/18 од 02.01.2018 година и 02.Су.бр.13 /18 од 30.01.2018 година, во Дел четврти, „ Постапување по барања за архивирани предмети на овој суд и предмети пренесени на надлежност од друг суд и по други барања", во точка 1, во став 5 зборовите „ оддел за имотни спорови и спорови од мала вредност" се заменуваат со зборовите „оддел за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови".

По ставот 5, се додава нов став 6, кој гласи: „По исклучок од ставот 2, судијата од одделот за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови Радмила Карановиќ постапува и по решени предмети за кои постапката продолжува до исполнување на условите за архивирање и тоа во семејни спорови, имотни спорови- имот стекнат во брак,повторување на постапката-парнични предмети и разни парнични предмети,доколку со посебна одлука на претседателот на судот не е поинаку определено.

**XII.** Во Годишниот распоред за работа на Основниот суд Скопје II – Скопје за 2018 година, 02.Су.бр.88/17 од 22.12.2017 година,02.Су.бр.1/18 од 02.01.2018 година и 02.Су.бр.13 /18 од 30.01.2018 година, во Дел четврти, „ Постапување по барања за архивирани предмети на овој суд и предмети пренесени на надлежност од друг суд и по други барања“, во точка 1, во ставот 6, кој станува став 7, зборовите „одделот за трговски спорови“ се заменуваат со зборовите „одделот за трговски спорови, стечај и ликвидација“.

По ставот 7, се додава нов став 8, кој гласи: „По исклучок од ставот 2, судијата од одделот за трговски спорови, стечај и ликвидација Сашка Трајковска постапува и по решени предмети за кои постапката продолжува до исполнување на условите за архивирање и тоа во постапки за стечај, ликвидација,имотни спорови - во стечај, облигациони спорови - во стечај,парнични спорови од мала вредност – стечај,спорови од работни односи – стечај,трговски имотни спорови – стечај, спорови од мала вредност помеѓу правни лица – стечај, платни налози по приговор - стечај и платни налози по приговор со правни лица – стечај, доколку со посебна одлука на претседателот на судот не е поинаку определено.

Ставовите 7 и 8 стануваат ставови 9 и 10.

**XIII.** Во Годишниот распоред за работа на Основниот суд Скопје II – Скопје за 2018 година, 02.Су.бр.88/17 од 22.12.2017 година,02.Су.бр.1/18 од 02.01.2018 година и 02.Су.бр.13 /18 од 30.01.2018 година, во Дел четврти, „ Постапување по барања за архивирани предмети на овој суд и предмети пренесени на надлежност од друг суд и по други барања“, во точка 3, став 1, зборовите „Судија Ирена Костадинова Ангелова“ се заменуваат со зборовите „Судиите распоредени во одделот за оставински и вонпарнични предмети“.

Во истата точка, ставот 2 се брише.

**XIV.** Овој Годишен распоред влегува во сила и ќе се применува од денот на донесувањето.

**XV.** Да се утврди пречистен текст на Годишниот распоред за работа на Основниот суд Скопје II- Скопје за 2018 година.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно со чл. 66 ст. 4 од Судскиот деловник („Службен весник на Република Македонија“ број 66/13 и 114/14), судски оддел во судот се формира доколку на тој вид предмети работат повеќе од пет судии.

Имајќи ја во вид означената одредба од Судскиот деловник, следуваше Претседателот на судот да го донесе овој Годишен распоред за изменување и дополнување на Годишниот распоред за работа на судот за 2018 година.

Со цел непречено функционирање на Оддел за трговски спорови, стечај и ликвидација, а во услови кога со Одлука на Судскиот совет на Република Македонија бр. 02- 526/1 од 21.03.2018 година, беше констатиран престанок на судиската функција на судија Биљана Јанура поради исполнување на услови за старосна пензија, следуваше судија Софија Спасова Медарска да биде распоредена на работа во овој оддел.

**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛИР СУЛЕЈМАНИ**